**ДЕЦА НА УЛИЦА**

**АКЦИСКИ ПЛАН (2013-2015 ГОДИНА)**

| Бр. | Проблем/Индикатори | Цели | Активност/Мерка | Показатели на успех | Период на реализација | Одговорни институции за спроведување на активностите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА – УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА** | | | | | | |
| 1. | Идентификуван е проблем со непоседување на изводи од матична на книга на родени за децата кои се водат како деца на улица; има повеќе причини за оваа појава: деца родени во домашни услови и непријавени, деца без изводи, родители кои се странски државјани итн., што создава проблем за вклучување на децата во системот на социјална и здравствена заштита и нивно вклучување во образовниот процес | Упис на децата без изводи во матичната книга на евиденција со што ќе се обезбеди нивен влез во системите на социјалната и здравствената заштита и вклучување во образовниот систем на Република Македонија.<br><br>Да се подобри евиденцијата на децата | 1. Анализа на предметите на децата од улица кои се евидентирани во Центрите за социјална работа.<br><br>2. Пополнување на прашалници со основни податоци за децата и нивните родители<br><br>3. Утврдување на родители на децата од улица или постапки за ДНК-а анализа на истите<br><br>4. Изготвување на посебна база на податоци за овие | Обезбедување на изводи од матичната книга на родени за децата од улица за кои има можност со видливо олеснет механизам за добивање неопходна документација<br><br>Изготвена база на податоци во МВР за овие | 1. 03/2013 – 05/2013<br><br>2. 05/2013 – 06/ 2013<br><br>3. 08/2013 – 12/ 2015 | МП–Одговорна институција<br><br>ЈУМЦСР и МВР ќе асистираат во спроведување на активноста за утврдување на фактите и докажување на родителство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од улица/без изводи | деца | деца | 2013/14 | МВР ќе ја испита можноста за подготвка на оваа база, во соработка со ЈУ МЦСР и МП |
| 2. | Отсуство на организирана и бесплатна правна помош, поддршка и совети за родителите и децата на улица (особено престапниците, децата во ризик, родители-зависници и малолетнички бракови) за казнивоста на одредени дела и сите правни последици од таквите дејства, а со цел зголемување на свесноста и превенција. | Намалување на престапништвото кај децата на улица и родителите. Намалување на бројот на деца на улица во социјален ризик (престапници, зависници итн.) | Формирање на мобилни тимови (патролни социјални . работници, полициски службеници,правници) кои повремено ќе ги подучуваат децата во дневните центри и на самата улица и нивните родители (во центрите, ЦСР и по домовите) за правата и обврските и за казнивоста на некои дела.<br>Организирање на средби со родителите на децата на улица заради запознавање со Законските одредби по одредени прашања ( малолетнички бракови, прашања од областа на | Помал број деца на улица-престапници и помал број родители на овие деца кои се престапници.<br><br>Зголемена свест кај децата и родителите за казнивоста на некои дела и знаење на правата кои им следуваат како и зголемена одговорност кај родителите на овие деца | 06/2013 – 12/2015 | Одговорни институции МП и МВР-преку СВР<br><br>МТСП, Дневни центри, НВО-сектор ќе асистираат во спроведување на активностите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | јавниот ред и мир и сл.) заради подигнување на јавната свест на локалната заедница | | | |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | | | | | | |
| 3. | Детектиран недостаток од психосоцијална и психотераписка помош, поддршка и третман на децата на улица кои се сместени во установите за социјална заштита | Подобрување на квалитетот на живот на децата од улица и нивно психосоцијално третирање | Групни и индивидуални третмани за психосоцијална и психотераписка помош и поддршка на деца на улица најмалку двапати годишно | Сите деца на улица сместени во Дневните центри за деца на улица опфатени со овие третмани и зголемен квалитет на животот на овие деца | 2013 – 2015 | Одговорни институции МТСП И МЗ;<br><br>НВО-сектор, Индивидуални консултанти/Експерти ќе асистираат во процесот |
| 4. | Непостоење на методи и техники на работа/третмани со децата на улица на самото место, т.е. на улицата и нивно поголемо ангажирање во корисни активности. | Подобрување на квалитетот на живот на децата од улица, нивно психосоцијално третирање и социјална инклузија | Подготовка на програма за теренска социјална работа со децата на улица.<br><br>Спроведување на мерки и активности за ресоцијализација и реинтеграција на децата од улица преку надворешна/теренска социјална работа. Активирање на овие деца во социјално корисни активности, особено во помош и поддршка на други социјално ранливи групи (стари лица, болни итн.) | Децата на улица кои не ги посетуваат дневните центри опфатени со работа/третман од страна на професионалци и зголемен квалитет на живот на опфатените деца на улица | 2014 – 2015 | Одговорна институција-МТСП<br><br>- МЗ, МОН, ЈУ МЦСР и НВО-сектор, Индивидуални консултанти/Експерти ќе асистираат во спроведувањето |
| 5. | Непостоење на организирана индивидуална и групна психосоцијална и психотераписка работа со професионалците од центрите за социјална работа и особено со професионалците и волонтерите кои работат во дневните центри за деца на улица, институциите и сите стручни лица | Намалување на стресот на професионалците и волонтерите и ефектот на т.н. професионално согорување и подобрување на квалитетот на живот | Индивидуална и групна организирана психосоцијална и психотераписка работа со професионалците (обуки, семинари, групи за развој и психосоцијална и психотераписка работа, третмански групи итн.) | Намален број на професионалци кои страдаат од стрес и професионално согорување | 2013 – 2015 г. | Одговорна институција – МТСП;<br><br>МЗ и НВО-сектор, Индивидуални консултанти/Експерти ќе асистираат |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | кои работат со овие деца со цел минимизирање на т.н. феномен на професионално согорување како и за зголемување на нивната мотивација за работа со оваа категорија деца. | | најмалку еднаш годишно по региони | | | |
| 6. | Детектиран е недостаток од континуирани обуки за професионалците кои работат со овие деца со цел подобар ефект од работата и подобрување на процесот на интеграција и ресоцијализација на децата на улица во општеството | Зголемување на продуктивноста и зајакнување на професионалните капацитети на професионалците со цел социјално вклучување, ресоцијализација и реинтеграција и зголемување на квалитетот на живот на децата на улица | Групна организирана психосоцијална и психотераписка обука со професионалците (обуки, семинари, групи за професионален развој и психосоцијална и психотераписка обука, специјализирани групи, тим билдинг, тим бондинг обуки итн.) најмалку еднаш годишно по региони | Зајакнати се капацитети, знаења и стручни вештини на стручните лица за работа со деца на улица и со членовите на нивните семејства. | 2014 – 2015 г. | Одговорна институција - МТСП,<br><br>НВО-сектор, Индивидуални Консултанти/Експерти ќе асистира во спроведувањето |
| 7. | Неопходно е подобрување на професионалниот систем на мониторинг и евалуација на професионалците кои работат со децата од страна на Центрите за социјална работа и професионални Консултанти/Експерти од областа | Подобрен и поефективен професионален систем на мониторинг и евалуација на професионалците кои работат со деца на улица | Изработка на поефективен систем на професионален мониторинг и евалуација на професионалците.<br><br>Пилот проверка на системот за мониторинг и евалуација | Подобрен квалитет на професионални услуги за децата на улица од страна на ангажирани професионалци<br><br>Зголемен број на професионалци кои нудат висок квалитет на професионални услуги за децата на улица изразен во статистички показатели (скала на процена, интервјуи, евалуациони листи) | 10/2013 г.<br><br>2014 – 2015 Г. | МТСП – одговорна институција<br><br>ЦСР, Завод за социјални дејности, Индивидуални Консултанти/Експерти |
| 8. | Непостоење на систем за мониторинг и евалуација на процесот на сместување на деца на улица | Подобрен квалитет на живот на деца на улица сместени во згрижувачки семејства | Воспоставување на стандарди за специјализирани згрижувачки семејства | Воспоставени стандарди за згрижувачи на деца на улица | 12/2013 | Одговрни институции – МТСП, ЈУ ЗСД и ЈУ МЦСР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | .Воспоставување на модел за мониторинг и евалуација<br><br>Пилот-проверка на системот на следење<br><br>Обука на згрижувачките семејства за работа со деца на улица | Создаден ефикасен модел за мониторинг и евалуација<br><br>Спроведена пилот-проверка во региони со позитивни резултати<br><br>Подобар квалитет на живот на деца на улица бе родители сместени во згрижувачки семејства | 02/2014<br><br>2014/2015 | Експерти од областа и НВО – ќе асистираат во процесот |
| 9. | Не постои опфат на деца на улица во ЈОУ Детски градинки | Поголема застапеност на овие деца во установите за заштита на децата | Вклучување на определена бројка на овие деца во проектот "Инклузија на деца Роми во ЈОДГ" | Повеќе деца на улица опфатени во установите за заштита на децата | 09/2013 – 05/2015 | Одговорна институција - МТСП,<br><br>ЦСР,Локална самоуправа ќе асистираат во процесот |
| 10. | Детектирано нередовно и недоволно снабдување со дидактички и нагледни средства во дневните центри за работа со деца на улица | Зголемен успех на деца на улица и поголема социјална вклученост | Да се зголеми бројот на дидактички и надгледни средства во дневните центри за деца на улица | Поквалитетна работа од психо-педагошки аспект со овие деца во дневните центри | 2013 – 2015 | Одговорна институција МТСП, ЈУ МЦСР |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА** | | | | | | |
| 11. | Отсуство на организиран културно-уметнички и забавен живот на децата на улица сместени во дневните центри | Социо-културно вклучување на децата на улица и нивна социјална вклученост | Изготвување програма за унапредување на културно-забавниот живот на деца на улица<br><br>Остварување на контакти со институции од културата, овозможување на бесплатна посета на | Изготвена програма<br><br>Овозможена поголема и помасовна посета на културно-забавни | 06/2013 г.<br><br>09/2013 – 12/2015 | Одговорна институција – Министерство за култура<br><br>ЦСР, Дневни центри, Институции од областа на културата на РМ, ЕЛС ќе асистираат во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | културни и забавни манифестации или пониски цени на билетите; да се овозможи што поголем број деца на улица да присуствуваат на вакви настани и/или да учествуваат во нив (да се вклучуваат во прослави и забавни настани во локалните основни и средни училишта со свои точки, настапи и сл.; посета на музеи, ЗОО-парк, Луна парк, театарски претстави и др.) | манифестации за овие деца и збогатен културно-забавен живот на овие деца | | спроведувањето, |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | | | | | | |
| 12. | Непостоење на пракса за волонтирање/практикантсво на студентите кои студираат на катедрите за Социјална работа и политика, Психологија и други сродни катедри, како и други заинтересирани, со цел зајакнување на капацитетите на институциите/организациите, мобилните тимови, градинките и основни училишта каде има вклучени деца на улица. | Зголемен број на мотивирани студенти за работа со деца на улица во институциите и на самото место (на улицата) | Склучување на Договор за обавување на пракса со Институтот за социјална работа и политика и Институтот за психологија за работа со деца на улица. Особено активирање на волонтери за специјална работа со деца во склоп на декада на Ромите.<br><br>Скрининг на потенцијални квалитетни и мотивирани студенти/волонтери на погорните години од студиите (трета и четврта година на студии) на катедрите по Социјална работа и социјална политика, Психологија и сродните катедри преку | Број на студенти/волонтери изразен во бројки и видливи показатели<br><br>Ангажирани студенти/волонтери кои активно партиципираат и покажуваат резултати во работата со деца на улица, со особен акцент на волонтери активирани во декада на Ромите. | 05/2013<br><br>10/2013–12/2015 | МОН и МТСП-одговорни институција<br><br>Високо образовните институции, филозофски факултет и сродните државни и приватни факултети/катедри), ЦСР, Индивидуални Консултанти/Експерти ќе асистираат во процесот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | директна соработка со управите на факултетите и наставниот кадар | | | |
| 13. | Отсуствува зголемена грижа, следење и поттикнување за/на особено надарени деца на улица кои се вклучени во образовниот систем | Поголем успех на овие деца и зголемени шанси за социјална вклученост и обезбедување егзистенција во иднина | Оформување на специјализирани тимови во училиштата (психолози, педагози, социјални работници, наставници) за следење на особено надарени деца на улица вклучени во образовниот процес и за подобрена грижа и поттикнување на овие деца | Повеќе деца на улица кои се особено надарени и кои имаат зголемен квалитет на живот и подобри можности за успех и градење кариера | 07/2013 – 12/2015 г. | МОН-одговорна институција,<br><br>ЈУ МЦСР, Дневни центри ќе асистираат во процесот |
| 14. | Непостоење на организирано изучување занаети и други работни вештини за децата на улица сместени во дневните центри согласно нивните потреби со цел нивно економско зајакнување и зголемување на можноста за самостојна егзистенција (кај повозрасните | Повеќе деца на улица оспособени за самостоен живот и овозможување понатамошна независна егзистенција | Подготовка на Проект за изучување на занаети.<br>Подготовка на проект за вклучување на децата на улица во задолжително средно образование<br><br>Практични обуки за оспособување на децата од дневните центри да изучат занаети и други работни вештини преку контакти со бизнис секторот и агенција за вработување | Деца на улица од дневните центри обучени за самостојно извршување некои занаети и други работни активности и подобрен квалитет на живот и можност за градење самостојна кариера се до нивно потполно економско осамостојување | 06/2013 година.<br><br>2014-2015 | МОН, МТСП и Црвен Крст на РМ – одговорни институции<br><br>ЦСР, Дневни центри, Агенција за вработување, НВО-сектор, Комора на занаетчии и ќе асистираат во спроведувањето |
| 15. | Не постои програма за образование на деца кои ја надминале возраста за запишување во прво одделение. | Поголем број деца на улица влезени во системот на образование | Да се изготви одржлива програма за образование на деца кои ја надминале возраста со која ќе се овозможи овие деца да се вклучат во образовниот систем<br><br>Пилот-проверка на програмата | 1.Подготвена програма за образование на деца кои ја надминале возраста за запишување во прво одделение.<br><br>2.Програма која е проверена во пракса и | 07/2013 г. | МОН, Биро за развој на образование – одговорна институција<br><br>ЦСР и дневни центри – ќе асистираат во спроведувањето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Целосно ставање во функција на програмата | која дала добри првични резултати<br><br>3.Зголемен број деца на улица запишани во прво одделение а кои ја преминале возрасната граница | 09/2013 06/2014<br><br>09/2014 – 06/2015 | |
| 16. | Непостоење на врсничка подршка и менторска подршка за децата од улица | Подобрување на резултатите во образовниот процес на децата од улица и нивна поуспешна ресоцијализација во општествените текови. | Воспоставување на соработка помеѓу Дневните центри за деца на улица и Центарот за млади на Црвениот Крст во Шуто Оризари. | Воведени врсничка помош и менторство за децата од улица | 2013-2015 | МОН, МТСП и Црвен Крст – одговорни институции<br><br>Дневни центри за деца на улица и ЈУ МЦСР и училиштата ќе асистираат во спроведувањето |
| 17. | Непостоење на соработка со средните стручни училишта (одделенијата за кариера) за обука на деца од улица кои завршиле основно училиште. | Децата од улица да се стекнат со знаења и различни работни вештини и занаети, со кои ќе можат да ја зголемат својата вработливост | Модел за соработка со средните стручни училишта, преку кој ќе се оспособуват децата од улица за практични занаети и вештини, согласно нивните потенцијали и можности | Пилот програма во првата година, во која ќе се стават во образовен процес 5 деца од улица<br><br>Проширена бројка на деца од улица кои изучуваат занаети , согласно заклучоците од пилот фазата | 2013/2014<br><br>2014 /2015<br><br>2014 – 2015 г. | МОН – одговорна институција<br><br>средни стручни училишта-одд. за кариера ; основни училишта) во соработка со ЦСР и дневни центри ќе асистираат во спроведувањето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Претставници од средните стручни училишта не остваруваат (одд. за кариера) посети на дневните центри за да се сензибилизираат за проблемот со деца на улица и да извршат проценка на децата за исполнување на условите за посета на овие училишта. | Зголемена свесност кај раководителите на средните стручни училишта за можностите на децата од улица.<br>Повеќе деца на улица во средните училишта | Реализирање на редовни посети (најмалку секое полугодие) од страна на средните стручни училишта (одд. за кариера) на дневните центри | Зголемен број посети изразени во бројки и зголемен број деца на улица кои се образуваат во средните стручни училишта | 2013 – 2015 | МОН-одговорна институција<br><br>средни стручни училишта-одд. за кариера ; основни училишта) во соработка со ЦСР и дневни центри ќе асистираат во процесот |
| 19. | Непостоење на систем за известување за редовноста и успехот на децата на улица вклучени во образовниот систем од страна на училиштата (наставници, директори, психо-педагошките служби). | Поголема редовност на овие деца во училиштата и подобар успех<br><br>Поголема координираност помеѓу образовните установи и службите за социјална заштита | Изготвување на валиден и ефективен систем за известување од страна на училиштата<br><br>Пилот проверка на системот за известување<br><br>За секое дете ќе се назначи одговорен социјален работник кој ќе ги прима повиците од школите за неговите запишани деца.<br><br>Доколку родителите на дете на улица, запишано во училиште, се приматели на некаков вид социјална помош, да бидат условени за помошта согласно редовноста на нивните деца | Изготвен систем за известување<br><br>Зголемен број на навремени известувања за редовноста и успехот на децата на улица-ученици и зголемена редовност и успех на децата<br><br>Зголемена редовност и успех на децата | 06/2013 г.<br><br>Почеток на учебната 2013/2014<br><br>2014 – 2015 г. | МОН – одговорна институција<br><br>ЦСР, Дневни центри<br>Основни училишта ќе асистираат во спроведувањето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на училиште. | | | |
| 20. | Недоволна координираност на надлежните институции и лица задолжени за упис на децата на улица во образовниот систем (локалната самоуправа и локалниот инспектор за образование) | Подобрување на координацијата помеѓу локалните инспектори за образование, ЕЛС, ЈУ МЦСР и Дневните центри за вклучување на повеќе деца на улица во образовниот систем | Воспоставување на механизам за упис на децата на улица во образовниот систем преку локалната самоуправа, локалниот инспектор за образование, училиштата и државниот просветен инспекторат..<br><br>Пренесување на податоците за децата кои не одат на училиште до локалните инспектори за образование.<br><br>Вклучување на Државниот просветен инспекторат во намалување на бројот на деца кои не посетуваат настава. | Поголем број деца на улица вклучени во образовниот систем | 2013/2014 –<br><br>2013 /2014. | Локална самоуправа (локален инспектор за образование), МОН (државен просветен инспекторат), ЦСР, Дневни центри |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО** | | | | | | |
| 21. | Детектирано е недоволно и несистематизирано ниво на здравствена заштита и третман на децата на улица од страна на здравствените институции, особено кај децата на улица-зависници, деца со душевни растројства и деца со ментални и други попречености<br>Не постои систем на задолжителни организирани редовни лекарски прегледи за овие деца и нивна редовна имунизација. Непостоење на програма која ќе ги опфати децата кои немаат изводи од матична книга на родените и не можат согласно | Подобро општо здравје на децата на улица и зголемен квалитет на живот | Изготвување предлог-програма за опфат на децата без изводи од матична книга на родените кои не можат да влезат во здравствениот систем на Република Македонија<br><br>Да се изготви модел за подобрена социјална заштита на овие деца (редовни и/или повремени лекарски прегледи, имунизација). Уште поголема искористеност на | Подготвена анализа и доставена Информација до Влада на РМ<br><br>Изготвена-предлог програма | 12/2013<br><br>03/2013 | Влада РМ<br>МЗ–одговорна институција<br><br>Институти за јавно здравје, ЈУ МЦСР ќе асистираат во спроведувањето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Законот да влезат во здравствениот систем на Република Македонија. | | т.н. недела на имунизација за овие активности.<br><br>Да се спроведе пилот проверка на моделот во неколку региони со сите поткатегории на деца на улица (особено деца на улица во социјален и здравствен ризик)<br><br>Да се обезбеди здравствена заштита за децата зависници од психотропни супстанци | Изготвен модел<br><br>Изразена ефективност на моделот прикажана во статистички показатели за успешност<br><br>Воспоставен систем на заштита на децата зависници | 2014 г. (прва половина)<br><br>2014 | |
| 22. | Отсуство на третмани/работа на/со родители на деца на улица | Подигнување на свесноста и одговорноста на родителите на деца на улица за одговорно родителство, за значењето на раниот детски развој, за болести на зависност, планирање на<br><br>семејство. | Индивидуални и групни третмани/работа со родителите на овие деца најмалку двапати годишно или почесто по потреба преку состаноци, групна и индивидуална работа, посети по домови итн. | 50 % од родителите на евидентираните деца на улица вклучени во третманите и нивна зголемена свесност и одговорност | 06/2013 – 12/2015 | Одговорни институции МЗ и МТСП<br><br>- МОН, НВО-сектор, Индивидуални консултанти/Експерти ќе асистираат |
| **ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ДНЕВНИ ЦЕНТРИ** | | | | | | |
| 23. | Недоволна вклученост на НВО-секторот во специфични и конкретни области на активности во работата со | Зголемен квалитет на услуги од НВО-секторот кон децата на улица, | Да се направи попис на Здруженија на граѓани кои ја третираат проблематика | 1.Листа на организации кои ја третираат проблематиката со деца | 1 .2013 г. | МППС – одговорна институција |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | деца на улица (психосоцијална помош и поддршка, здравствена и правна заштита на децата итн.) | особено во конкретни и специфични значајни области | со деца на улица и сродни социјални проблеми и да се прецизира нивната конкретна улога во посебни домени<br><br>Да се преземат конкретни мерки насочени кон подобрување на севкупната поддршка за овие деца од страна на НВО-секторот | на улица и нивните задолженија, капацитети итн.<br><br>2.Конкретни преземени мерки од страна на НВО-секторот кои даваат резултат изразен во видливи показатели (евалуации, статистичка обработка на резултати и сл.) | 2. 2014 – 2015 | ЦСР, МТСП, ЕЛС – ќе асистираат во процесот |
| 24. | Отсуство на добро смислен и организиран директен маркетинг на организациите и дневните центри кои работат со овие деца за промоција на активностите, зголемување на обемот на средства добиени преку донации и зголемување на свесноста на заедницата преку рекламирање со помош на брендирани познати организации (Црвен Крст, познати и квалитетни НВО-а, државни институции, приватни фирми итн.) | Повеќе средства неопходни за ресоцијализација и реинтеграција на овие деца и подобра општа функционалност на вмрежените институции | Создавање модел за подобар директен маркетинг на организациите и дневните центри кои работат со деца на улица преку директни активности од самите организации и преку маркетинг со помош на промоција од поголеми и докажани, брендирани организации<br><br>Пилот-проверка на моделот<br><br>Ставање на моделот во | Создавање на ефективен модел<br><br>Подобрен маркетинг на организациите и дневните центри кои работат со овие деца изразен низ зголемена препознатливост на организациите и зголемен економски капацитет на истите.<br><br>Организирање на промотивни и | 2013 год. | Дневни центри и други организации, ЦСР, МТСП, Црвен Крст и други брендирани организации, Бизнис секторот , Агенција за вработување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | целосна функција | хуманитарни активности со учество на децата од улица | 2013 – 2015 | |
| 25. | Непостоење на донаторски сметки на дневните центри за деца на улица со цел зголемување на фондот на расположливи средства наменети за децата на улица сместени во овие центри | Повеќе средства неопходни за поквалитетен живот и ресоцијализација и реинтеграција на овие деца | Отворање донаторски сметки во дневните центри за деца на улица | Поголем прилив на расположливи средства наменети директно за овие деца и вложени во најпотребните работи (поквалитетна храна, облека, дидактички и наставни средства итн.) | 2013 година. | МТСП – одговорна институција<br><br>Дневни центри, ЈУ МЦСР, НВО-сектор, |
| **МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Непостоење на мониторинг на Имплементација на Акциониот план за деца на улица 2013-2015 година | Ефикасна имплементација на предложените мерки и активности со планот, кои ќе допринесат до подобра заштита и развој на децата од улица | Подготвка на план за мониторинг на активностите предвидени со планот со конкретни рокови | Подготвени извештаи за степенот на реализација на активностите на секои 6 месеци кои ќе бидат доставени до Владата на Република Македонија | 6/2013 – 12/2015 | МТСП ќе биде одговорна за собирање на извештаите од сите релевантни институции за спроведување на планот и доставување до Владата на Република Македонија за информирање за прогресот. |